КВАРТАЛЕН БИЛТЕН | МАЈ - ЈУЛИ 2026 г.

Билтен бр. 15

# Шведската поддршка на полициските реформи во Северна Македонија

Градење одржливи капацитети за современо полициско работење

For a Professional and Transparent Police

## Од стратегија до пракса

Во вториот квартал од 2026 година, Проектот премина од развој на методологија кон спроведување на национално ниво. Каскадните обуки за Полициско работење во заедницата и Форензички техники на интервјуирање деца сега ги опфаќаат полициските службеници во првите редови во сите осум регионални полициски сектори, додека аналитичките капацитети продолжуваат да се развиваат преку обуки за полициско работење предводено од разузнавање (ИЛП) и платформата Power BI за разузнавачките аналитичари.

### Во ова издание

- Каскадни обуки за Полициско работење во заедницата започнати во сите 8 сектори
- Воведени се каскадни обуки за Форензички техники на интервјуирање деца
- Полициско работење предводено од разузнавање: 24 нови сертифицирани обучувачи
- 12 полициски аналитичари завршија основна обука за платформата Power BI
- Во Струмица отворена нова просторија за интервјуање деца и ранливи жртви

*Од знаење до пракса. Од обука до одржливи промени.*

**Спроведено од страна на Шведската полиција**
**во партнерство со Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија**

## Каскадни обуки

# Реформите досегнуваат до полициските службеници низ земјата

Националното воведување на каскадните обуки за Полициско работење во заедницата и Форензички техники на интервјуирање деца претставува значаен чекор кон зајакнување на професионализмот на полицијата низ Северна Македонија. Врз основа на наставните програми развиени од Проектот и сертифицираните обучувачи, полициските службеници во сите осум Сектори за внатрешни работи сега стекнуваат практични вештини што можат да ги применат во нивната секојдневна работа. Програмата, спроведена преку Центарот за обука на Министерството за внатрешни работи, го проширува капацитетот на Министерството за обезбедување стандардизирана обука, притоа осигурувајќи дека современите пристапи на полициското работење ќе станат дел од рутинската полициска пракса. Ова го зајакнува квалитетот и конзистентноста на полициските услуги, ја подобрува заштитата на правата на граѓаните и создава одржлива основа за континуиран професионален развој по завршувањето на Проектот.

## Полициско работење во заедницата: Зајакнување на партнерствата меѓу полицијата и заедницата

По успешните Обуки за управување со полициското работење во заедницата во 2025 година, проектот премина во фаза на спроведување на Концептот за полициско работење во заедницата на национално ниво. Сертифицираните полициски обучувачи кои ја завршија Програмата „Основи на полициско работење во заедницата“ започнаа со испорака на каскадни обуки за полициските службеници од првите редови низ сите осум Сектори за внатрешни работи, фокусирајќи се на вклучување на заедницата, пристапи за решавање проблеми и попроактивно полициско работење ориентирано кон граѓаните. Ова воспоставува внатрешна мрежа за обука за поддршка на континуирана интеграција на принципите на полициско работење во заедницата во секојдневната полициска пракса.







## Форензички техники на интервјуирање деца: Унапредување на полициското работење чувствително на децата

Започнувањето на програмата за каскадна обука за Форензички техники на интервјуирање деца претставува значаен чекор во унапредувањето на полициските практики чувствителни на децата. По успешно реализираната програма „Обука на обучувачи“, сертифицираните обучувачи започнаа со спроведување петдневни обуки за полициски инспектори низ државата, применувајќи меѓународно признати методологии за форензичко интервјуирање засновани на протоколот NICHD. Обуките се реализираат под менторство на Центарот за обука при Министерството за внатрешни работи и ќе продолжат во сите Сектори за внатрешни работи. Нивната цел е да ги зајакнат капацитетите на полициските инспектори за примена на на докази засновани и кон децата чувствителни техники на форензичко интервјуирање, со што ќе се обезбеди поквалитетно собирање на информации, подобра заштита на правата на децата и поефикасно постапување во кривичните истраги.







**ПОЛИЦИСКО РАБОТЕЊЕ ПРЕДВОДЕНО ОД РАЗУЗНАВАЊЕ**

## Градење капацитети за полициско работење предводено од разузнавање

Во текот на овој квартал, 24 полициски службеници од сите осум Сектори за внатрешни работи и Центарот за обука при Министерството успешно ја завршија Обуката за обучувачи за основите на полициското работење предводено од разузнавање (ИЛП). Учесниците беа избрани од клучни полициски области, вклучувајќи ја униформираната полиција, криминалистичките истраги и единиците за криминалистичко разузнавање, обезбедувајќи широка стручна основа за понатамошна примена на ИЛП пристапот.

По завршувањето на програмата, новосертифицираните обучувачи се подготвени да спроведуваат основни обуки за ИЛП за полициски службеници низ целата земја. Со тоа се воспоставуваат внатрешни капацитети за обука и се поддржуваат напорите на Министерството за постепено интегрирање на пристапите предводени од разузнавање во секојдневното полициско работење.









## Зајакнување на аналитичките капацитети на полицијата преку обука за платформата Power BI

Како дел од континуираната поддршка на Проектот за зајакнување на аналитичките капацитети во рамки на Министерството за внатрешни работи, втората група од 12 полициски аналитичари успешно ја заврши петдневната обука за користење на платформата Power BI за анализа и визуелизација на податоци. Обуката ги унапреди вештините на учесниците за обработка и анализа на оперативни податоци, развој на аналитички контролни табли и трансформирање на податоците во јасни и корисни аналитички производи кои го поддржуваат донесувањето одлуки засновани на докази.

Со завршувањето на обуката за втората група, вкупно 24 полициски аналитичари од целата земја се стекнаа со практични знаења и вештини за примена на современи алатки за анализа на податоци. Ова претставува значаен придонес кон развојот на внатрешните капацитети на Министерството за воспоставување на полициско работење предводено од податоци. Иницијативата придонесува кон создавање одржливи аналитички практики во рамки на полициската служба и ја зајакнува способноста за самостојно генерирање релевантни сознанија за оперативно планирање, управување со ресурси и донесување информирани одлуки.



For a Professional and Transparent Police

**ПРАВДА ЗА ДЕЦА**

## Во Струмица отворена нова просторија за интервјуање деца и ранливи жртви

Во Секторот за внатрешни работи Струмица е основана нова просторија за интервјуа ориентирана кон децата, која обезбедува безбеден, приватен и професионално опремен простор за чувствителните интервјуа со деца и ранливи лица.

Објектот е втор од ваков вид, основан преку соработката помеѓу Шведската полиција, Министерството за внатрешни работи и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, по отворањето на првата просторија за интервјуа во Битола.

Дизајнирана во согласност со меѓународните стандарди и добрите практики, просторијата ги зајакнува пристапите за правда прилагодени на децата и го поддржува полициското работење засновано на човековите права преку зајакнување на институционалните капацитети за заштита и поддршка на ранливите лица во рамки на системот на кривична правда.

*„Не станува збор само за нова просторија. Фундаментално, а што е уште поважно, станува збор за нов стандард на работа и цврста посветеност за заштита на достоинството, безбедноста и правата на ранливите жртви, особено младите и жените.“*
Ола Солстром,
Амбасадорот на Шведска во Северна Македонија:

*„Квалитетот на една институција се мери не само според нејзините законски овластувања, туку и според начинот на кој ги штити најранливите. Наша должност е да обезбедиме секое дете да биде третирано со почит и со целосна заштита на неговите права."*
Панче Тошковски,
Министер за внатрешни работи:

*„Станува збор за осигурување дека луѓето кои веќе доживеале штета се третираат со грижа, достоинство и почит."*
Килијан Вал,
Шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје








For a Professional and Transparent Police

## Клучни достигнувања | мај – јули

**12**

**полициски аналитичари завршија основна обука за платформата Power BI овој квартал, со што вкупниот број на обучени лица се искачи на 24.**

**24**

**полициски професионалци сертифицирани како обучувачи за полициско работење предводено од разузнавање.**

**8**

**Сектори за внатрешни работи се вклучија во спроведувањето на реформите на национално ниво.**

**2**

**програми за каскадна обука започнаа на национално ниво: полициско работење во заедницата Форензички техники на интервјуирање деца.**

**1**

**нова просторија за интервјуа ориентирана кон децата отворена во Струмица.**

## Следни чекори

**Во наредниот квартал, Проектот ќе продолжи да го поддржува Министерството за внатрешни работи во продлабочувањето на институционалните капацитети и консолидирањето на реформските достигнувања. Клучните приоритети вклучуваат:**

- **Воспоставување дополнителни простории за интервјуа ориентирани кон децата во Тетово и во Скопје;**
- **Развивање на стандардни оперативни процедури за постапување по случаи поврзани со деца;**
- **Спроведување на програма за полициско работење предводено од разузнавање за средно раководно ниво во полицијата;**
- **Континуирани каскадни обуки за полициско работење во заедницата и техники на форензичко интервјуирање во сите сектори;**

# Од знаење до пракса.
# Од обука до одржливи промени.

Преку одржливо партнерство, професионален развој и растечка институционална одговорност, Проектот „Шведската поддршка на полициските реформи во Северна Македонија“ продолжува да го поддржува Министерството за внатрешни работи во градењето современа и одговорна полициска служба — која е подобро опремена да им служи на и да ги заштити сите граѓани.

Република Северна Македонија Полиција Police

Polisen

For a Professional and Transparent Police

Шведската поддршка на полициските реформи во Северна Македонија
Квартален билтен | мај - јули 2026 г.